АЕК
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

Врз основа на член 24 став 1), алинеја 5, а во врска со член 148 став (1) точка в) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18, 98/19 и 153/19), Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на 27.01.2020 година го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

I

**ПРЕСТАНУВА ДА ВАЖИ по сила на закон** одобрението за користење на радиофреквенции во копнена мобилна служба со евидентен број 105349 издадено на корисникот ДАТУ МАПЕР ТРАНС ДООЕЛ увоз - извоз Велес со седиште на ул. Ленинова 3/1-10, 1400 Велес, поради тоа што имателот на одобрението е во постапка на ликвидација

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

III

Ова решение е конечно.

**Образложение**

Агенцијата за електронски комуникации има издадено одобрение за користење на радиофреквенции во копнена мобилна служба служба со евидентен број 105349 на корисникот ДАТУ МАПЕР ТРАНС ДООЕЛ увоз - извоз Велес со седиште на ул. Ленинова 3/1-10, 1400 Велес. При проверка на податоците за имателот на одобрението во базата на податоци од Централен регистар на Р. Македонија се констатира дека имателот на одобрението е во постапка на ликвидација, поради што се донесе решение одобрението за користење на радиофреквенции во копнена мобилна служба со евидентен број 105349 да престане да важи по сила на закон.

Врз основа на горенаведеното, согласно член 24 став 1), алинеја 5, а во врска со 148 став (1) точка в) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18, 98/19 и 153/19), се донесе решение како во диспозитивот.

Изготвено во Агенција за електронски комуникации
Наш број: уп1-бр.0802-33
Скопје, 28.01.2020

Изработил: Раководител на Одделение за
фиксна и мобилна служба:
Радка Шекутковска
27.01.2020

Раководител на Сектор за радиокомуникации:
Јане Јакимовски

**По овластување од Директорот,**
**Игор Бојаџиев**

**Доставено до:**
- странка
- архива
- сектор за радиокомуникации
- сектор за финансии
- сектор за контрола и мониторинг на радиофреквенциите

АЕК-751-301.12/Изм.02